| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | „Моето семејство- мое богатство“ |
| **Содржина на денот:** | „Кој што работи по дома“ |
| **Возраст:** | 3-4 години |
| **Воспитувач:** | Валентина Драгшиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики:** | Разговор за стекнување на безбедни навики при кашлање и кивање (слика1). |
| **Активности:** | За време на подготовките на Вашиот ручек, додека се поставува масата, вклучете го и Вашето дете (слика 2). Се што сметате дека е безбедно за детето и сметате дека може да ја изврши задачата, дозволете му да се вклучи и да има значајна улога во тоа (пр: да го намести чаршафот на масата, можете заедно да изработите декоративни салфетки,или пак цветови од салфети и да ги поставите на масата, да го донесе приборот за ручање (слика 3 и 4).<br>Јадете заедно со Вашето дете и секогаш укажувајте му на културни манири. Додека јадете можете да пуштите и релаксирачка музика. Дозволете му на детето заедно со Вас да ја раскрене масата. Потоа седнете и разговарајте за обврските во домот. Посочете ја важноста на детето за помагањето во домот.<br>Во склоп на оваа активност можете да ја играте имитативната игра: „Јас сум дете, а ти мајка“. Сменете ги улогите со детето, кажете му дека може да си избере што сака да биде, дозволете му да Ве имитира (слика 5). |